Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 04-5/7
20.01 20 23 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за Култура (Сл.весник на РСМ бр.31/98 и сите понатамошни измени и дополнувања), Управниот одбор на Националната Установа „Национален конзерваторски центар“ – Скопје, како второстепен орган по жалби на седница одржана на ден 18.01.2023 година, постапувајќи по Жалбата на Жалителот Гоце Ефтимов од Скопје, ул. „Христо Смирненски“ бр. 41, Скопје, изјавена преку полномошник Адвокат Благој Петковски од Скопје, со седиште на бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 48-1/4, Скопје, со ЕДБ 5080017507291, ЕМБС 7233914, со тел. 070 550 303, ел. санд. Advokatpetkovski и е-маил: advokatpetkovski@legalvp.mk, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

СЕ ОДБИВА жалбата на Жалителот Гоце Ефтимов од Скопје како неоснована.

СЕ ПОТВРДУВА Одлуката бр. 04-5/2 од 09.01.2023 година за повторен избор на кандидат по јавен оглас бр. 02/2022 за вработување на неопределено време.

**Образложение**

На ден 06.12.2022, врз основа на член 12, став 2, алинеја 7 од Статутот на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, член 77 – ж од Законот за култура („Сл.весник на РСМ“ бр. 31/98 и понатамошните измени и дополнувања), член 20 – д од Законот за вработените во јавен сектор, како и врз основа на Записникот за работа на Комисијата за спроведување на постапка бр. 04-351/19 од 06.12.2022, Годишниот план за вработување за 2022 година, Директорот на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје донел Одлука врз основа на објавениот оглас за вработување бр. 02/2022, и Записникот од работата на Комисијата за повторна селекција на кандидати (бр. 04-5/1 од 04.01.2023), каде повторно се избра кандидатот Виктор Ирвин Иванов за работно место бр. (2) Давател на услуги: КУЛ 03 04 Ѓ02 007, Друг соработник во ЗКН – Фотограф, Сектор за истражување и конзерваторско проектирање на недвижното културно наследство, ИНДОК – ЦЕНТАР, Фотолабараторија.

Исто така, Директорот на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, одлучил, по конечноста на Одлуката за избор да се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат да се склучи Договор за вработување. Одлуката за избор на кандидат беше доставена до кандидатите, објавена на веб страницата и на огласната табла на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Незадоволен од вака донесената Одлука, Кандидатот и Жалител, преку својот полномошник, поднесе навремена Жалба заради: направени процесни пропусти, погрешно утврдена фактичка состојба поради која е избран кандидат кој не е најдобро рангиран па ваквите пропусти во целост го прават незаконито побиваното решение.

Управниот Одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, како второстепен орган кој одлучува по жалби, на седница одржана на ден 20.01.2023 година ги разгледа жалбените наводи на кандидатот и жалител, Гоце Ефтимов од Скопје и притоа го утврди следното:

Неосновани се жалбените наводи дека, самата Одлука нема соодветно дадено образложение од причина што, образложението на одлуката, видно од неа, е сосема доволно образложена за да се има претстава за најбитните елементи кои што беа земени во предвид при одлучувањето за избор на најсоодветен кандидат.

Неосновани се жалбените наводи дека, образложението е конфузно и дека истото не дава вистинска слика зошто е избран токму кандидатот Виктор Ирвин Иванов.

Имено, Управниот Одбор смета дека, образложението е јасно и концизно и истото дава сосема вистинска слика зошто е избран кандидатот Виктор Ирвин Иванов.

Неосновани се жалбените наводи дека се остава огромно соменвање за непотизам и нефер услови при одлучувањето. Потенцираме дека при одлучувањето не постои никаков непотизам, ниту пак жалителот приложи докази за тоа, а исто така, во однос на тоа дека условите биле нефер, Управниот Одбор смета дека истите биле апсолутно фер и коректни, и целосно засновани и на закон, а не постојат ни докази за спротивното тврдење.

Комисијата, при повторна евалуација на кандидатите, од целата постапка и од доказите утврдила дека Виктор Ирвин Иванов е најдобро рангиран кандидат од сите пријавени кандидати по објавениот Јавен оглас.

Имајќи ги предвид погоренаведените наводи, а при непостоење на други докази, Управниот Одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, незадоволната страна има право на Тужба во рок од 15 дена од денот на приемот на истата до Основниот граѓански суд Скопје.

Д-Н: - Жалителот, преку неговиот Полномошник;
- Избраниот кандидат – Виктор Ирвин Иванов;
- Кандидат Оливер Настески;
- Архивата на Установата.

Скопје, 18.01.2023 година

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА УПРАВЕН ОДБОР**

**МИРКА ИЛОСКА, с.р**